# После пожар: приватна вода за пиење и безбедност на цистерни за вода

Информации за заедницата

Ако живеете во област каде имало шумски или полски пожар (bushfire), вашата цистерна со вода за пиење може да биде загадена со отпадоци, пепел, мртви животни или ретарданти на оган.

Ако водата има необичен вкус, изглед или миризба, не треба да ја пиете и да ја давате на животните.

Водата од река или поток никогаш не треба да се користи за пиење или готвење храна, ако не е правилно пречистена.

Водата од длабоки бушотини или бунари би требало да е безбедна за користење.

## Како мојата цистерна со вода за пиење да ја заштитам од загадување?

Пред шумски или полски пожар:

- обезбедете вашата цистерна да биде добро затворена и правилно одржувана
- ако се појави ризик од шумски или полски пожар, веднаш исклучете ги цевките (downpipes) што водат во цистерната.

После шумски или полски пожар:

- Цевките приклучете ги назад на цистерната само по темелно чистење на покривот (рачно или ако паднал силен дожд).

## Што ако врне пред да можам да ги исклучам цевките?

- Пред да ја користите водата, прегледајте го покривот, олуците и, ако е можно, проверете дали внатре во цистерната има знакови на загаденост
- Не е потребно тестирање на водата, бидејќи обично загаденоста се гледа.
- Ако вашата вода е загадена, таа ќе има поинаков вкус, боја или миризба.
- Загадената вода не треба да се користи за пиење и подготвување на храна. За пиење користете вода што сте ја обезбедиле на друг начин.
- Водата од цистерна што не е добра за пиење, може да се користи за наводнување на градината.

## Што да правам ако во системот за вода за пиење има мртви животни?

Ставете ракавици и отстранете ги мртвите животни од покривот, олуците или цистерната. Употребените нараквици фрлете ги во ѓубре и дезинфицирајте ја цистерната пред повторно да ја користите. Водата може да се дезинфицира со превривање или со хлор (bleach).

Како да се преврие водата за пиење: водата загревајте ја додека од дното на садот или чајникот не почне да се крева непрекинат и брз млаз на меурчиња воздух. Чајниците со автоматско исклучување се погодни за тоа.

Цистерната за вода дезинфицирајте ја со хлор на следниот начин.

На секои 1.000 литри вода во вашата цистерна безбедно е да додадете:

- околу 125 милилитри (125 грама) четирипроцентна хлорна варикина (bleach) за домашна употреба (одбегнувајте варикина што содржи детергенти или парфеми), или
- околу 40 милилитри (40 грама) од 12,5-процентна хлорна течност за базени за капење, или хлор што се користи во фабриките за млечни производи, или
- околу 8 милилитри (8 грама) 65-процентен зрнест хлор за базени за капење.

**Забелешка: едно кафено лажиче содржи околу пет грама.**

Пред да почнете да ја користите водата, чекајте најмалку 24 часа за микроорганизмите да бидат уништени.

По хлорирањето, треба да почекате најмалку 24 часа пред да почнете да ја користите водата,  за микроорганизмите да бидат уништени.

## Колку брзо после пожарот можам да ја користам цистерната со вода за пиење?

Ако водата во вашата цистерна не била загадена, би требало да е безбедна за пиење. Меѓутоа, не ги поврзувајте повторно цевките (downpipes) сé додека не го исчистите покривот или не заврне силен дожд.

- Пепелта и отпадоците од покривот и олуците исчистете ги само ако е безбедно да го направите тоа.
- Можеби не треба да ја чистите цистерната по пожар ако не е многу загадена и ако водата нема невообичаена миризба или вкус како последица на прскање од воздух со ретарданти на оган.
- Ако сакате да ја исчистите цистерната, најдобро е да викнете стручњак. Опасно е да се работи во затворен простор.

## За повеќе информации

- За локална дистрибуција на вода или за чистачи на цистерни, јавете се на службата за здрава животна средина во вашата општина.
- За општи информации за пожари во Викторија, јавете се на Викторискатa информативна линија за шумски и полски пожари (Victorian Bushfire Information Line) на 1800 240 667.

За повеќе информации за шумските и полските пожари и јавното здравје, видете ги информативните листови за шумските пожари кои се достапни од Одделот за здрава животна средина при Department of Health and Human Services на:

https://www2.health.vic.gov.au/public-health/environmental-health/climate-weather-and-public-health/bushfires-and-public-health

Одобрила и објавила Владата на Викторија, 1 Treasury Place, Melbourne.

© Држава Викторија, Department of Health, февруари 2021.

អនុញ្ញាត និងបោះពុម្ពផ្សាយដោយរដ្ឋាភិបាលវិចតូរីយ៉ា 1 Treasury Place, Melbourne។
© រដ្ឋវិចតូរីយ៉ា Department of Health ខែកុម្ភៈ ឆ្នាំ២០១៦។

Department of Health

**OFFICIAL**